**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6239 | 1 | |

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Овој, деветти по ред извештај, се однесува на периодот од 21 до 30 ноември, односно на првиот десетдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по десет изданија на Вестите во 19.00 часот, емитувани на албански јазик, и Вестите во 22.00 часот, емитувани на македонски јазик. Вкупното времетраење на анализираните прилози, поврзани со изборниот процес, емитувани во десетдневниот период е 4 часа 33 минути и 21 секунда. Најголем дел од тоа време (4 часа 26 минути и 31 секунда) се однесува на прилозите кои припаѓаат на претежно информативните жанрови, а 6 минути и 50 секунди се новинарски осврти.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Граѓански сектор | 00:10:14 | 17,71 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:35 | 9,67 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:09:08 | 15,81 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:32 | 6,12 | % |
| Влада на РМ | 00:17:43 | 30,67 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:19 | 7,47 | % |
| Судство | 00:01:38 | 2,83 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:38 | 2,83 | % |
| Други субјекти | 00:03:59 | 6,90 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:57:46** | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:27:53 | 20,79 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:17:16 | 12,87 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:48 | 7,31 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:14:41 | 10,95 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:07:37 | 5,68 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:08 | 5,32 | % |
| Граѓански сектор | 00:16:22 | 12,20 | % |
| Без субјекти | 00:13:35 | 10,13 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:52 | 7,35 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:11 | 1,63 | % |
| Други субјекти | 00:06:59 | 5,21 | % |
| Судство | 00:00:47 | 0,58 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:14:09** | 100 | % |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:24 | 20,64 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:15:15 | 20,44 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:12:16 | 16,44 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:13:21 | 17,90 | % |
| Беса | 00:08:50 | 11,84 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:06:50 | 9,16 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:25 | 1,90 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:15 | 1,68 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:14:36** | 100 | % |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 1 час 14 минути и 36 секунди (Табела 1). Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати за пратеници е распределено на следниов начин: за Демократската унија за интеграции – 15 минути и 24 секунди, за Коалицијата предводена од СДСМ – 13 минути и 21 секунда, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 12 минути и 16 секунди и за Коалицијата ВМРО за Македонија – 1 минута и 15 секунди. За политичкиот субјект Коалиција за промени и правда – Трет блок, којшто е единствен субјект што има шест листи со потврдени кандидати, одвои 1 минута и 25 секунди. Од трите учесници во изборниот процес кои имаат по пет листи со потврдени кандидати за пратеници отстапено е време само за активностите на Демократската партија на Албанците – 15 минути и 15 секунди. За Левица и за Либерална партија нема информации. За активностите на двата политички субјекта кои имаат по четири листи со потврдени кандидати, одвоеното време за следење на нивните активности изгледа вака: за Движењето Беса – 8 минути и 50 секунди и за Коалицијата „Алијанса за Албанците" (ДПА-ДР, Унитети, НДП) – 6 минути и 50 секунди.

За активностите на органите на власт е информирано во прилози со траење од 57 минути и 46 секунди (Табела 1). Станува збор за прилози поврзани со: денот на албанската азбука – изјави на владин претставник и на директорот на Музејот на албанската азбука, тужбата на општина Центар кон судијата Панчевски, обвинувањата меѓу министерката за информатичко општество и администрација и дополнителниот заменик министер во врска со притисоци врз администрацијата, информациите дека вработени во градинките во работно време присуствуваат на митинзи - изјава на министерката за труд и социјална политика, штрајкот во Југохром – изјава на ресорниот министер, загадувањата во Скопје и Тетово – изјава на министерот за екологија, злоупотреба на државни ресурси за партиски кампањи, реформи во судскиот систем – изјава на министерот за правда, средба на министрите за надворешни работи на РМ и Австрија, владини задолжувања – соопштенија на министерот за финансии и на дополнителниот заменик министер, притисоци врз гласачи – изјава на министерот за внатрешни работи, акцијата „Ден на дрвото" – изјава на градоначалникот на Скопје.

Вкупното времетраење на прилозите за други теми поврзани со избори е 2 часа 14 минути и 9 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои говорат за ставовите на експертите/аналитичарите, на граѓанските здруженија, за активностите на странски субјекти поврзани со изборниот процес, работата на Државната изборна комисија итн. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ се јавува во оваа тема поради прилозите во коишто се говори за Коалицијата поврзани со: изборната реторика на дел од партиите, платени текстови во американски весници од страна на ВМРО ДПМНЕ, меѓусебните обвинувања на релација Груевски-Заев околу двојазичноста, проблемите со загадениот воздух и партиските решенија на таа тема, емитуван извадок од интервју за Радио Слободна Европа на кандидатот за

пратеник Никола Попоски, партиските решенија во врска со пензиите и даночната политика на двете најголеми коалиции од македонскиот политички блок, извадок од дебатна емисија во која учествуваат претставници на четирите условно најголеми политички субјекти, барањата за оставка на пензионерите од претседателот на Сојузот на пензионери поради потпишаниот договор со ВМРО ДПМНЕ за поддршка на изборите. Демократската унија за интеграции се јавува во категоријата други теми поврзани со избори поради прилозите за: изборната реторика на дел од партиите, статусот на борците на ОНА, закон за употреба на албанскиот јазик, проблемите со загадениот воздух и партиските решенија на таа тема, ветувањата на ДУИ и ДПА за идно консензуално одлучување, извадок од дебатна емисија во која учествува и претставник на ДУИ, изборните ветувања на двете најголеми партии од албанскиот политички блок во врска со евроинтегративните процеси. Појавувањето на Коалицијата предводена од СДСМ во оваа тема е поради следниве прилози кои говорат за: одложениот судски случај „Поткуп" што се води против претседателот на СДСМ, меѓусебните обвинувања на релација Груевски-Заев околу двојазичноста, средбата организирана од Стопанската комора на Северозападна Македонија со претставници од Коалицијата на СДСМ со цел презентација на стопанската платформа на комората, проблемите со загадениот воздух и партиските решенија на таа тема, партиските решенија во врска со пензиите и даночната политика на двете најголеми коалиции од македонскиот политички блок, извадок од дебатна емисија во која учествува и претставник на коалицијата. Демократската парија на Албанците е дел од прилозите поврзани со: проблемите со загадениот воздух и партиските решенија на таа тема, ветувањата на ДУИ и ДПА за идно консензуално одлучување, извадок од дебатна емисија во која учествува и претставник на партијата, изборните ветувања на двете најголеми партии од албанскиот политички блок во врска со евроинтегративните процеси, извадок од интервјуто емитувано со лидерот на ДПА во емисјата „Патот кон".

Времето на директните обраќања е збирно од сите прилози коишто припаѓаат на некоја од трите теми прикажани во Табела 1 (активности на органи на власт, други теми поврзани со избори, активности на учесници во изборна кампања и кандидати). Позастапени се директните обраќања на експертите, аналитичарите, како и на претставниците на граѓанскиот сектор, а потоа следат на четирите најголеми политички субјекти (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:35 | 3,79 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:41 | 15,51 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:10 | 12,85 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:29 | 10,02 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:10 | 10,74 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:46 | 3,98 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:38 | 0,67 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:09:24 | 9,93 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:09:47 | 10,34 | % |
| Влада на РМ | 00:06:36 | 6,97 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:10 | 1,23 | % |
| Други субјекти | 00:04:41 | 4,95 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:27 | 0,48 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:24 | 1,48 | % |
| Беса | 00:04:09 | 4,38 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:34 | 0,60 | % |

| | | |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:01:40 | 1,76 % |
| Локална самоуправа | 00:00:18 | 0,32 % |
| | Вкупно: 01:34:39 | 100 % |

Емитувани се два новинарски осврта. Првиот на тема „Коалициониот партнер со идентична програма" (трае 2 минути и 13 секунди) се однесува на изборните програми на двете владејачки партии, ДУИ и ВМРО ДПМНЕ. Вториот „ДУИ, ветувања за инвестиции на Попова Шапка – Нема одговор за систематизацијата на вработените" (трае 1 минута и 16 секунди), се однесува на несоодветите работни позиции на кои се наоѓаат вработените Албанци во скијачкиот центар на П.Шапка, согласно завршеното образование, и во него има критички став кон ДУИ, но без дополнително негативно врамување или тон.

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

Емитувани се три дебати во рамки на емисијата „200" и исто толку репризи на премиерните изданија. Во рамки на овој деветти по ред извештаен период е емитувана и реприза на емисијата „Патот кон", премиерно емитувана во претходниот извештаен период, на 17 ноември.

Во првото издание на емисијата „200" од 22 ноември, гостуваат тројца претставници од политичките субјекти ДПА, Коалицијата предводена од СДСМ и ДУИ, Идриз Орана, Џулимсере Касапи и Талат Џафери. Водителот истакна дека бил поканет и претставник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, но од таму не одговориле на поканата. Тројцата гости дискутираа за претстојните избори, партиските кампањи за употребата на албанскиот јазик, партиските ставови околу противењето на ВМРО ДПМНЕ за широка употреба на албанскиот јазик и др. Наредниот ден, рано наутро, емисијата е репризирана.

На 23 ноември, гости во емисијата беа Весна Стоименовска од Коалицијата за промени и правда, Зијадин Села од Коалицијата Алијанса за Албанците, Стојанче Ангелов од Коалицијата ВМРО за Македонија и Арбен Лабуништа од Движењето Беса. Разговараа за партиските понуди со кои настапуваат во кампањите за претстојните избори и нивната визија за иднината по која треба да се движи Република Македонија. Репризата е наредниот ден, 24 ноември.

Последното дебатно издание во овој извештаен период е емитувано на 29 ноември, кога во студиото на ТВ Алсат М гостуваа кандидатите за пратеници во првата изборна единица, Никола Попоски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Артан Груби од ДУИ, Стево Пендаровски од Коалицијата предводена од СДСМ и Идриз Орана од ДПА. Главните теми на коишто разговараа беа поврзани со партиските кампањи за изборите, безбедноста на државата, надворешната политика, односите во регионот, прислушувањето, одговорноста на ДУИ зошто не се огради од владиниот партнер, кои се странските служби на кои се повикуваше владејачката партија, надворешното влијание во кампањите и др. Емисијата е репризирана на 30 ноември.

*Интервјуа*

Во овој деветти по ред извештаен период, емитувани се две интервјуа во исто толку изданија на емисијата „Патот кон" и три интервјуа во едно издание на емисијата „360 степени". Едно од изданијата на „Патот кон" и емисијата "360 степени" се репризирани.

Интервјуто од 24 ноември, реализирано во „Патот кон", е со претседателот на СДСМ, Зоран Заев. Се дискутираше за СЈО и прислушувањето во Македонија и дали оваа институција е контролирана од СДСМ, дали ќе има идни политички пазарења со ВМРО ДПМНЕ, очекувањата од изборите, пред се во поглед на гласовите од Албанците. Интервјуто е два пати репризирано, рано наутро на 25 и на 28 ноември.

Второто интервју емитувано во „Патот кон" е со претседателот на ДПА, Мендух Тачи, и е реализирано последниот ден од деветтиот извештаен период, 30 ноември. Се дискутираше за политичката платформа на ДПА во врска со статусот на Албанците, позицијата на партијата околу употребата на албанскиот јазик, можностите за постизборно коалицирање со најголемите партии на Албанците (ДУИ, Беса, ДПА-ДР), најавите за распределба на буџетот на пропорционален начин, новите лица на листите со кандидати за пратеници од ДПА.

Во емисијата „360 степени" од 25 ноември се емитувани три разговори: со германската амбасадорка во Македонија, Кристине Алтхаузер, Флориан Бибер, универзитетски професор во Центарот за југоисточни европски студии во Грац и со Едуард Кукан, европратеник. Емисијата е репризирана на 26 ноември.

*Друга информативна програма*

Во изданието на емисијата „360 степени" од 21 ноември, се емитувани четири истражувачки стории на следниве теми: 1. Кои се лукративните мотиви на Груевски за организирањето насилни протести пред општината Центар; 2. Како „Ексико" станала газда на куќите на Водно во кои, според сведочењата, живее Сашо Мијалков?; 3. Истражување за лобирањето на ВМРО ДПМНЕ преку американски лобисти кај американската администрација; 4. Младите фудбалски херои кои Македонија ја однесоа на европско првенство. Емисијата е репризирана на 22 ноември, рано наутро.

Второто издание на емисијата „360 степени", емитувано во рамки на деветтиот извештаен период, е од 28 ноември. Емитувани се четири новинарски истражувачки прилози на следниве теми: 1. Егзодусот од Македонија не запира – Потрагата по подобар живот води преку Бугарија; 2. Раскараниот судско-обвинителски врв, далеку од очите на јавноста, со странски олеснувачи на заедничка дебата за реформи. Се подготвува терен за брзи промени по изборите; 3. Како Пустец се подготвува за изборите на 11 декември; 4. Анализа на екстремите во кампањите, од страна на доктор психијатар, ветеран на ОНА и писателка. Емисијата е репризирана наредниот ден, исто така, во раните утрински часови.

***Сектор за програмски работи***